**ИНТЕРНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ (Набавка од мала вредност, Поедноставена отворена постапка, Отворена постапка и Рамковна спогодба) ВО КЛАСИЧНИОТ СЕКТОР ВО СОГЛАСНОСТ СО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ (Сл. Весник на РСМ бр.24/2019)**

Спроведувањето на јавните набавки е во согласност со Годишниот План за Јавни Набавки (ГПЈН). Врз основа на планираните извори на финансирање, договорниот орган донесува план за вкупните потреби за набавки во тековната година. ГПЈН, договрниот орган го донесува до крајот на Јануари од тековната година и истиот го објавува во Електронскиот Систем за Јвни Набавки (ЕСЈН). По потреба договорниот орган, во тековната година може да го измени или дополни планот, во согласност со планираните или обезбедените средства и промените се објавуваат во ЕСЈН.

**Исклучоци од примена на законот за јавните набавки**

Исклучоците од примена на ЗЈН се опишани во ЗЈН од член 22 до член 26. Во членот 24 опишани се јавните набавки помеѓу договорните органи во класичниот сектор, според кој услови постојат исклучоци од примената на ЗЈН.

Според членот 40 став 1 точка (а), во класичниот сектор, ЗЈН не се применува за набавка на стоки и услуги во вредност помала од 1.000 евра во денарска против вредност без ДДВ, за работи во вредност помала од 5.000 евра во денарска против вредност без ДДВ и за посебни услуги в вредност помала од 10.000 евра во денарска против вредност без ДДВ.

Договорниот орган не смее да користи методи за пресметување на проценетата вредност на договорите за добивање пониска вредност од реалната вредноста на набавката со цел да се избегне одредена набавка утврдена со ЗЈН.

Договорниот орган не смее да врши делење на набавката на повеќе набавки со пониска вредност со цел да се избегне примената на овој закон.

Во случај на потреба од јавна набавка за која веќе е спроведена постапка во тековната година, акојa не можела да се предвиди во моментот на нејзиното спроведување, договорниот орган ја зема во предвид вкупната проценета вредност на соодветната потреба при изборот на видот на постапката.

Набавките со вредност под вредносните прагови погоре опишани, договорниот орган ги внесува во квартална евиденција во ЕСЈН.

Вкупната вредност на набавките под овие вредносни прагови не смее да надмине 12.000 евра во денарска против вредност во тековната година. За набавките под овие вредносни прагови во продолжение даден е пример.

## 1. ПОСТАПКА ЗА НАБАВКА ОД МАЛА ВРЕДНОСТ

- Постапката за набавка од мала вредност се спроведува врз основа на член 48 од ЗЈН и тоа за набавка на стоки и услуги со проценета вредност до 10.000 евра во денарска против вредност и за набавки на работи до 20.000 евра во денарска против вредност.
- Договорниот орган на почетокот ја одредува проценетата вреднсот на договорот без вклучен ДДВ. Проценетата вредност се пресметува при изготвување на ГПЈН и договорниот орган пред донесување на одлуката за јавна набавка ја прилагодува проценетата вредност доколку настаната одредени промени.
- Доколку во текот на постапката најповолната понуда е со цена повисока од износот утврден во одлуката за јавна набавка, договорниот орган може да ја измени одлуката и да дообезбеди средства потребни за реализација на договорот, под услов истото да е економски поисплатливо од повторување на постапката и понудената цена да не го надминува вредносниот праг пропишан за видот на постапката.

- За потребата од јавна набавка, договорниот орган донесува Одлука за јавна набавка со која се утврдува предметот на набавка, износот и изворот на средства, се определува составот на комисијата и се дава образложение за потребата од јавна набавка како и за причините за неделливост на предметот на набавка.
- По донесување на одлуката за јавна набавка, а пред објавување на огласот, договорниот орган може да спроведе технички дијалог со цел да се овозможи секој заинтересиран економски оператор да даде свои предлози и коментари на објавената тендерска документација. Комисијата составува записник и истиот се доставува преку ЕСЈН во рок од 3 дена, до сите економски оператори кои доставиле предлози.
- Во постапката за јавна набавка, претседателот, членовите, нивните заменици и дговорното лице потпишуваат изјави за непостоење судир на интереси.
- За постапката од мала вредност се подготвува поедноставена тендерска документација, која содржи минимални критериуми за утврдување на способност, технички спецификации, упатство за поднесување на техничката и финансиската понуда, информација за критериумите за избор, упатство за правна заштите и информации за задолжителни одредби од договорот за јавна набавка.
- Кај набавките од мала вредност, договорниот орган утврдува единствен услов за вршење на професионална дејност.
- Договрниот орган кај набавките од мала вредност бара Изјава за сериозноста на понудата. Доколку понудувачот ја прекрши изјавата за сериозноат на понудата се објавува негативна регеренца. Негативната референца се објавува со одлуката за избор или поништување на постапката, а економскиот оператор има право на жалба. Негативната референца се објавува во рок од 3 дена од конечноста на одлуката.
- Договорниот орган од понудувачот може да бара банкарска гаранција за кавалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 5% до 15% од вредноста на договорот. Гаранцијата е со важност до целосно реализирање на договорот и на носителот на договорот му се враќа во рок од 14 дена од целосна реализација на договорот. Ако е продолжен рокот на реализација на договорот или зголемена е неговата вредност, носителот треба соодветно да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата.
- Договорниот орган може да предвиди авансно плаќање во висина од 20% од вреднсота на договорот и пред исплата на авансот задолжително обезбедува банкарска гаранција во висина на договорениот аванс.
- Договорниот орган по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања или барања од економските оператори може да ја измени тендерската документација во рок, не подоцна од 2 дена од крајниот рок за поднесување на понудите, со што постапката се продолжува за нови 4 дена.
- Спроведувањето на набавката од мала вредност започнува со објавување на оглас во ЕСЈН, при што минималниот рок за поднесување на понуди е 7 дена од денот на објавување или преку електронскиот пазар за набавка од мала вредност.
- Начинот на комуникација, за размена на информации, поднесување на понуди исклучиво се врши со користење на електронски средства преку ЕСЈН.
- По завршување на рокот за поднесување на понуди се врши јавно отворање на понудите во времето определено во тендерската документација како краен рок за поднесување на понуди.
- Комисијата за јавни набавки составува записник од јавното отворање на понудите кој се потпишува од страна на претседателот на комисијата или неговиот заменик и се прави достапен веднаш со прикачување во ЕСЈН.
- Комисијата за јавни набавки, по јавното отворање на понудите спроведува евалуација на понудите, ја проверува комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способност на понудувачите. Комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значително отстапување од бараната документација. Комисијата не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор со бараните појаснувања или дополнувања.

- Доколку економскиот оператор достави невообичаено ниска цена, договорниот орган во рок не пократок од 5 дена бара да ја објасни ниската цена доколку се сомнева во извршување на договорот. Договорниот орган во секој случај бара објаснување ако вредноста на понудата е за повеќе од 50% пониска од просечната цена на прифатливите понуди и е за повеќе од 20% пониска од следната рангирана понуда, во случај да има најмалку добиено 3 прифатливи понуди.
- Договорниот орган, после евалуацијата на понудите, може да користи електронска аукција и тоа се наведува во огласот за јавна набавка. Понудувачите кои доставиле прифатливи понуди, за учество на е-аукцијата се покануваат по електронски пат. Е-аукцијата започнува најрано 2 дена од денот на кој е испратена поканата за учество.
- Доколку по првичната евалуација остане само една прифатлива понуда, е-аукција не се спроведува.
- По завршување на евалуацијата и е-аукцијата (доколку се користи), комисијата за јавни набавки подготвува извештај од спроведената постапка, во кој се прави рангирање на понудите и се дава предлог за избор на најповолна понуда или предлог за поништување на постапката.
- Членот од комисијата кој не се согласува со предлогот за избор, дава забелешка приложена кон извештајот од спроведената постапка.
- Договрниот орган го доделува договорот за јавна набавка врз основа на резултатите добиени по завршување на е-аукцијата и врз основа на критериумите за избор на најповолна понуда. Договрниот орган ја избира најповолната понуда со донесување на Одлука за избор.
- Договорниот орган е должен да донесе одлука за избор или поништување на постапката во рок кој не е подолг од рокот за поднесување на понудите, несметајќи ги деновите во кои се бара од понудувачите да достават одредени дополнувања.
- Комисијата за јавни набавки доставува известување до понудувачите за изборот на најповолна понуда или за поништување на постапката во рок од 3 дена од денот на донесување на одлуката, со образложение за причините за секој понудувач одделно.
- Понудувачите имаат право на жалбо во рок од 5 дена од приемот на одлуката и известувањето за избор или за поништување на постапката.
- Доколку постапката се поништува, договорниот орган е должен во рок од 10 дена да достави известување за поништување на постапката на ЕСЈН.
- Договорниот орган склучува договор со понудувачот чија понуда е избрана за најповолна во рок од 30 дена од конечноста на одлуката за избор, но не подоцна од периодот на важност на понудата.
- Ако избраниот понудувач се откаже од склучување на договорот (се внесува негативна референца) или дојде до раскинување на договорот, поради ненавремено или неквалитетно извршување (се внесува негативна референца ако имаме предвидено гаранција за квалитетно извршување на договорот), договорниот орган може да склучи договор со следниот рангиран ако цената на неговата понуда не е повисока од 5% во однос на првично избраната понуда.
- Договорниот орган задолжително објавува поедноставено известување за склучен договор на ЕСЈН во рок од 10 дена од склучување на договорот.
- Договорниот орган пополнува известување за реализиран договор во ЕСЈН во рок од 10 дена од целосна реализација на договорот.
- Договорниот одрга е должен да врши контрола, дали извршувањето на доворот е во согласност со условите во договорот.

## 2. ПОЕДНОСТАВЕНА ОТВОРЕНА ПОСТАПКА

- Постапката за набавка со поедноставена отворена постапка се спроведува врз основа на член 49 од ЗЈН и тоа за набавка на стоки и услуги со проценета вредност до 70.000 евра во денарска против вредност и за набавки на работи до 500.000 евра во денарска против вредност.
- Договорниот орган на почетокот ја одредува проценетата вреднсот на договорот без вклучен ДДВ. Проценетата вредност се пресметува при изготвување на ГПЈН и договорниот орган пред

донесување на одлуката за јавна набавка ја прилагодува проценетата вредност доколку настаната одредени промени.

- Доколку во текот на постапката најповолната понуда е со цена повисока од износот утврден во одлуката за јавна набавка, договорниот орган може да ја измени одлуката и да дообезбеди средства потребни за реализација на договорот, под услов истото да е економски поисплатливо од повторување на постапката и понудената цена да не го надминува вредносниот праг пропишан за видот на постапката.
- За потребата од јавна набавка, договорниот орган донесува Одлука за јавна набавка со која се утврдува предметот на набавка, износот и изворот на средства, се определува составот на комисијата и се дава образложение за потребата од јавна набавка како и за причините за неделливост на предметот на набавка.
- По донесување на одлуката за јавна набавка, а пред објавување на огласот, договорниот орган може да спроведе технички дијалог со цел да се овозможи секој заинтересиран економски оператор да даде свои предлози и коментари на објавената тендерска документација. Комисијата составува записник и истиот се доставува преку ЕСЈН во рок од 3 дена, до сите економски оператори кои доставиле предлози.
- Во постапката за јавна набавка, претседателот, членовите, нивните заменици и дговорното лице потпишуваат изјави за непостоење судир на интереси.
- За поедноставената отворена постапка се подготвува тендерска документација, која содржи услови за утврдување на способност, технички спецификации, упатство за поднесување на техничката и финансиската понуда, информација за критериумите за избор, упатство за правна заштите и информации за задолжителни одредби од договорот за јавна набавка.
- Кај набавките со поедноставена отворена постапка, договорниот орган во тендерската документација ги наведува условите за утврдување на способност во зависност од видот на набавката во согласност со одредбите опишани од член 87 до член 96 од ЗЈН.
- Договрниот орган кај поедноставената отворена постапка бара Изјава за сериозноста на понудата. Доколку понудувачот ја прекрши изјавата за сериозноат на понудата се објавува негативна регеренца. Негативната референца се објавува со одлуката за избор или поништување на постапката, а економскиот оператор има право на жалба. Негативната референца се објавува во рок од 3 дена од конечноста на одлуката.
- Договорниот орган од понудувачот може да бара банкарска гаранција за кавалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 5% до 15% од вредноста на договорот. Гаранцијата е со важност до целосно реализирање на договорот и на носителот на договорот му се враќа во рок од 14 дена од целосна реализација на договорот. Ако е продолжен рокот на реализација на договорот или зголемена е неговата вредност, носителот треба соодветно да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата.
- Договорниот орган може да предвиди авансно плаќање во висина од 20% од вреднсота на договорот и пред исплата на авансот задолжително обезбедува банкарска гаранција во висина на договорениот аванс.
- Договорниот орган по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања или барања од економските оператори може да ја измени тендерската документација во рок, не подоцна од 4 дена од крајниот рок за поднесување на понудите, со што постапката се продолжува за нови 6 дена.
- Секој заинтересиран економски оператор, со понудата заедно поднесува и изјава за докажување на способноста или документи за утврдување на способноста. Пред донесување на одлуката за избор на најповолна понуда, економскиот оператор со најповолна понуда е должен да ги достави документите за утврдување на способност доколку не ги доставил со понудата.
- Спроведувањето на поедноставената отворена постапка започнува со објавување на оглас во ЕСЈН, при што минималниот рок за поднесување на понуди е 15 дена од денот на објавување на огласот во ЕСЈН.
- Огласот за јавна набавка кај поедонставената отворена постапка се објавува и во Службен вескинк на РМ.

- Начинот на комуникација, за размена на информации, поднесување на понуди исклучиво се врши со користење на електронски средства преку ЕСЈН.
- По завршување на рокот за поднесување на понуди се врши јавно отворање на понудите во времето определено во тендерската документација како краен рок за поднесување на понуди. При отворање на понудите ниту една понуда не се отфрла.
- Комисијата за јавни набавки составува записник од јавното отворање на понудите кој се потпишува од страна на претседателот на комисијата или неговиот заменик и се прави достапен веднаш со прикачување во ЕСЈН.
- Комисијата за јавни набавки, по јавното отворање на понудите спроведува евалуација на понудите, ја проверува комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способност на понудувачите. Комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значително отстапување од бараната документација. Комисијата не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор со бараните појаснувања или дополнувања.
- Доколку економскиот оператор достави невообичаено ниска цена, договорниот орган во рок не пократок од 5 дена бара да ја објасни ниската цена доколку се сомнева во извршување на договорот. Договорниот орган во секој случај бара објаснување ако вредноста на понудата е за повеќе од 50% пониска од просечната цена на прифатливите понуди и е за повеќе од 20% пониска од следната рангирана понуда, во случај да има најмалку добиено 3 прифатливи понуди.
- Договорниот орган, после евалуацијата на понудите, може да користи електронска аукција и тоа се наведува во огласот за јавна набавка. Понудувачите кои доставиле прифатливи понуди, за учество на е-аукцијата се покануваат по електронски пат. Е-аукцијата започнува најрано 2 дена од денот на кој е испратена поканата за учество.
- Доколку по првичната евалуација остане само една прифатлива понуда, е-аукција не се спроведува.
- По завршување на евалуацијата и е-аукцијата (доколку се користи), комисијата за јавни набавки подготвува извештај од спроведената постапка, во кој се прави рангирање на понудите и се дава предлог за избор на најповолна понуда или предлог за поништување на постапката.
- Членот од комисијата кој не се согласува со предлогот за избор, дава забелешка приложена кон извештајот од спроведената постапка.
- Договрниот орган го доделува договорот за јавна набавка врз основа на резултатите добиени по завршување на е-аукцијата и врз основа на критериумите за избор на најповолна понуда. Договорниот орган го доделува договорот за јавна набавка врз основа на економски најповолна понуда. Договрниот орган ја избира најповолната понуда со донесување на Одлука за избор.
- Договорниот орган е должен да донесе одлука за избор или поништување на постапката во рок кој не е подолг од рокот за поднесување на понудите, несметајќи ги деновите во кои се бара од понудувачите да достават одредени дополнувања.
- Комисијата за јавни набавки доставува известување до понудувачите за изборот на најповолна понуда или за поништување на постапката во рок од 3 дена од денот на донесување на одлуката, со образложение за причините за секој понудувач одделно.
- Понудувачите имаат право на жалба во рок од 5 дена од приемот на одлуката и известувањето за избор или за поништување на постапката.
- Доколку постапката се поништува, договорниот орган е должен во рок од 10 дена да достави известување за поништување на постапката на ЕСЈН.
- Договорниот орган склучува договор со понудувачот чија понуда е избрана за најповолна во рок од 30 дена од конечноста на одлуката за избор, но не подоцна од периодот на важност на понудата.
- Ако избраниот понудувач се откаже од склучување на договорот (се внесува негативна референца) или дојде до раскинување на договорот, поради ненавремено или неквалитетно извршување (се внесува негативна референца ако имаме предвидено гаранција за квалитетно

извршување на договорот), договорниот орган може да склучи договор со следниот рангиран ако цената на неговата понуда не е повисока од 5% во однос на првично избраната понуда.
- Договорниот орган задолжително објавува известување за склучен договор на ЕСЈН во рок од 10 дена од склучување на договорот.
- Договорниот орган пополнува известување за реализиран договор во ЕСЈН во рок од 10 дена од целосна реализација на договорот.
- Договорниот одрга е должен да врши контрола, дали извршувањето на доворот е во согласност со условите во договорот.

## 3. ОТВОРЕНА ПОСТАПКА

- Постапката за набавка со отворена постапка се спроведува во една фаза врз основа на член 50 од ЗЈН и тоа за набавка на стоки и услуги со проценета вредност поголема од 70.000 евра во денарска против вредност и за набавки на работи поголеми од 500.000 евра во денарска против вредност.
- Договорниот орган на почетокот ја одредува проценетата вреднсот на договорот без вклучен ДДВ. Проценетата вредност се пресметува при изготвување на ГПЈН и договорниот орган пред донесување на одлуката за јавна набавка ја прилагодува проценетата вредност доколку настаната одредени промени.
- Доколку во текот на постапката најповолната понуда е со цена повисока од износот утврден во одлуката за јавна набавка, договорниот орган може да ја измени одлуката и да дообезбеди средства потребни за реализација на договорот, под услов истото да е економски поисплатливо од повторување на постапката и понудената цена да не го надминува вредносниот праг пропишан за видот на постапката.
- За потребата од јавна набавка, договорниот орган донесува Одлука за јавна набавка со која се утврдува предметот на набавка, износот и изворот на средства, се определува составот на комисијата и се дава образложение за потребата од јавна набавка како и за причините за неделливост на предметот на набавка.
- По донесување на одлуката за јавна набавка, а пред објавување на огласот, договорниот орган може да спроведе технички дијалог со цел да се овозможи секој заинтересиран економски оператор да даде свои предлози и коментари на објавената тендерска документација. Комисијата составува записник и истиот се доставува преку ЕСЈН во рок од 3 дена, до сите економски оператори кои доставиле предлози.
- Во постапката за јавна набавка, претседателот, членовите, нивните заменици и дговорното лице потпишуваат изјави за непостоење судир на интереси.
- За отворена постапка се подготвува тендерска документација, која содржи услови за утврдување на способност, технички спецификации, упатство за поднесување на техничката и финансиската понуда, информација за критериумите за избор, упатство за правна заштите и информации за задолжителни одредби од договорот за јавна набавка.
- Кај набавките со отворена постапка, договорниот орган во тендерската документација ги наведува условите за утврдување на способност во зависност од видот на набавката во согласност со одредбите опишани од член 87 до член 96 од ЗЈН.
- Договрниот орган кај отворена постапка бара гаранција на понудата во вид на банкарска гаранција не поголема од 3% од вреднсота на понудата без вклучен ДДВ или бара Изјава за сериозноста на понудата. Доколку понудувачот ја прекрши изјавата за сериозноат на понудата се објавува негативна регеренца. Негативната референца се објавува со одлуката за избор или поништување на постапката, а економскиот оператор има право на жалба. Негативната референца се објавува во рок од 3 дена од конечноста на одлуката.
- Договорниот орган од понудувачот може да бара банкарска гаранција за кавалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 5% до 15% од вредноста на договорот. Гаранцијата е со важност до целосно реализирање на договорот и на носителот на договорот му се враќа во рок од 14 дена од целосна реализација на договорот. Ако е продолжен рокот на

реализација на договорот или зголемена е неговата вредност, носителот треба соодветно да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата.

- Договорниот орган може да предвиди авансно плаќање во висина од 20% од вреднсота на договорот и пред исплата на авансот задолжително обезбедува банкарска гаранција во висина на договорениот аванс.
- Договорниот орган по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања или барања од економските оператори може да ја измени тендерската документација во рок, не подоцна од 6 дена од крајниот рок за поднесување на понудите, со што постапката се продолжува за нови 8 дена.
- Секој заинтересиран економски оператор, со понудата заедно поднесува документи за утврдување на способноста.
- Спроведувањето на отворена постапка започнува со објавување на оглас во ЕСЈН, при што минималниот рок за поднесување на понуди е 30 дена од денот на објавување на огласот во ЕСЈН.
- Огласот за јавна набавка кај отворена постапка се објавува и во Службен вескинк на РМ. Исто така, доколку проценетата вреднсот без ДДВ е еднаква или повисока од 130.000 евра во денарска проив вредност за стоки и услуги, 5.000.000 евра за работи и 750.000 евра за посебни услуги, истиот се објавува во Службено гласило на Европската Унија.
- Начинот на комуникација, за размена на информации, поднесување на понуди исклучиво се врши со користење на електронски средства преку ЕСЈН.
- По завршување на рокот за поднесување на понуди се врши јавно отворање на понудите во времето определено во тендерската документација како краен рок за поднесување на понуди. При отворање на понудите ниту една понуда не се отфрла.
- Комисијата за јавни набавки составува записник од јавното отворање на понудите кој се потпишува од страна на претседателот на комисијата или неговиот заменик и се прави достапен веднаш со прикачување во ЕСЈН.
- Комисијата за јавни набавки, по јавното отворање на понудите спроведува евалуација на понудите, ја проверува комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способност на понудувачите. Комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значително отстапување од бараната документација. Комисијата не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор со бараните појаснувања или дополнувања.
- Доколку економскиот оператор достави невообичаено ниска цена, договорниот орган во рок не пократок од 5 дена бара да ја објасни ниската цена доколку се сомнева во извршување на договорот. Договорниот орган во секој случај бара објаснување ако вредноста на понудата е за повеќе од 50% пониска од просечната цена на прифатливите понуди и е за повеќе од 20% пониска од следната рангирана понуда, во случај да има најмалку добиено 3 прифатливи понуди.
- Договорниот орган, после евалуацијата на понудите, може да користи електронска аукција и тоа се наведува во огласот за јавна набавка. Понудувачите кои доставиле прифатливи понуди, за учество на е-аукцијата се покануваат по електронски пат. Е-аукцијата започнува најрано 2 дена од денот на кој е испратена поканата за учество.
- Доколку по првичната евалуација остане само една прифатлива понуда, е-аукција не се спроведува.
- По завршување на евалуацијата и е-аукцијата (доколку се користи), комисијата за јавни набавки подготвува извештај од спроведената постапка, во кој се прави рангирање на понудите и се дава предлог за избор на најповолна понуда или предлог за поништување на постапката.
- Членот од комисијата кој не се согласува со предлогот за избор, дава забелешка приложена кон извештајот од спроведената постапка.
- Договрниот орган го доделува договорот за јавна набавка врз основа на резултатите добиени по завршување на е-аукцијата и врз основа на критериумите за избор на најповолна понуда.

Договорниот орган го доделува договорот за јавна набавка врз основа на економски најповолна понуда. Договрниот орган ја избира најповолната понуда со донесување на Одлука за избор.

- Договорниот орган е должен да донесе одлука за избор или поништување на постапката во рок кој не е подолг од рокот за поднесување на понудите, несметајќи ги деновите во кои се бара од понудувачите да достават одредени дополнувања.
- Комисијата за јавни набавки доставува известување до понудувачите за изборот на најповолна понуда или за поништување на постапката во рок од 3 дена од денот на донесување на одлуката, со образложение за причините за секој понудувач одделно.
- Понудувачите имаат право на жалба во рок од 10 дена од приемот на одлуката и известувањето за избор или за поништување на постапката.
- Доколку постапката се поништува, договорниот орган е должен во рок од 10 дена да достави известување за поништување на постапката на ЕСЈН.
- Договорниот орган склучува договор со понудувачот чија понуда е избрана за најповолна во рок од 30 дена од конечноста на одлуката за избор, но не подоцна од периодот на важност на понудата.
- Ако избраниот понудувач се откаже од склучување на договорот (се внесува негативна референца) или дојде до раскинување на договорот, поради ненавремено или неквалитетно извршување (се внесува негативна референца ако имаме предвидено гаранција за квалитетно извршување на договорот), договорниот орган може да склучи договор со следниот рангиран ако цената на неговата понуда не е повисока од 5% во однос на првично избраната понуда.
- Договорниот орган задолжително објавува известување за склучен договор на ЕСЈН во рок од 10 дена од склучување на договорот.
- Договорниот орган пополнува известување за реализиран договор во ЕСЈН во рок од 10 дена од целосна реализација на договорот.
- Договорниот одрга е должен да врши контрола, дали извршувањето на доворот е во согласност со условите во договорот.

## 4. РАМКОВНА СПОГОДБА – Посебен начин за спроведување на постапка

- Договорниот орган може да склучи рамковна спогодба со користење на една од постапките утврдено во членот 47 од ЗЈН.
- Рокот на важење на рамковната спогодба не смее да биде подолг од 3 години.
- Рамковната спогодба може да се склучи со еден или повеќе економски оператори. Доколку рамковната спогодба е склучена со еден економски оператор поединечните договори се доделуваат во согласност со условите во рамковната спогодба. Доколку рамковната спогодба е склучена со повеќе економски оператори, поединечните договори се склучуваат во согласност со член 57 став 7, 8, 9 и 10 од ЗЈН.

Подготвил:

д-р Жарко Маркоски

___________________